Бр. 02-1092/11
16.9.2025 година
Скопје

Врз основа на член 103, став 1, точка 2 и член 149, став 2, точка 8 и член 227 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021, бр. 58/2024 и бр.124/2025), Ректорската управа на 304. седница одржана на 16.9.2025 година, донесе

# ОДЛУКА

**за плаќање половина од износот на уписнината за прв циклус студии за студентите чие родителско право го врши само еден родител и критериумите за остварување на ова право за учебната 2025/2026 година**

## Член 1

Со оваа Одлука се утврдуваат правото и критериумите за плаќање половина од износот на уписнината за студентите кои се запишани на прв циклус студии во зимскиот семестар во учебната 2025/2026 година и кои ги исполнуваат следниве услови:

- *родителското право го врши само еден родител* ,
- *вкупниот приход по член на семејството не е поголем од минималмната плата во Република Северна Македонија.*

Студентите кои го запишуваат последниот семестар по вторпат и повеќе, немаат право да ја користат оваа погодност.

## Член 2

Студент *чие родителско право го врши само еден родител,* во смисла на оваа одлука е студент кој има:

- само еден родител запишан во изводот од матичната книга на родените, или
- починат родител, или
- родител кој го загубил родителското право.

## Член 3

Квотата на студенти кои имаат право да ја користат оваа погодност се утврдува на следниот начин:

- по еден (1) студент запишан во државната квота за секоја студиска програма, и за секоја студиска година, пооделно,
- по еден (1) студент запишан во квота со школарина за секоја студиска програма, и за секоја студиска година, пооделно.

## Член 4

По завршувањето на уписите на студентите во зимскиот семестар во учебната 2025/26 година Универзитетот објавува интерен оглас на кој заинтересираните студенти ќе можат да аплицираат.

За спроведување на постапката за селекција на кандидатите, единиците формираат комисија.

Комисиите на единиците утврдуваат ранг-листа на добитници на погодноста за намалување на уписнината за својата единица.

**Член 5**

При рангирањето на кандидатите, комисиите пресметуваат поени за рангирање согласно *Правилникот* од став 1 од овој член, односно 60% од поените се пресметуваат според финансиската состојба на кандидатот (се докажува со уверение за остварени приходи, издадено од УЈП и со лична изјава за бројот на членовите во семејството) и 40% од поените се пресметуваат со скалирање на поените за постигнатиот успех во досегашното студирање:

- за студентите кои се запишале на прва студиска година - вкупниот број на поени според кои, согласно Конкурсот, студентот се запишал во прва година на студии помножено со 0.4, односно
- за студентите кои се запишале на повисока студиска година - успехот постигнат во текот на досегашното студирање (просечниот успех на студентот согласно уверението за положени испити), помножено со коефициент 4.

Комисијата самостојно ги пресметува овие поени и креира листа за секоја студиска програма и за секоја студиска година пооделно. Прворангираните кандидати од секоја листа ја сочинуваат ранг-листата на добитници на погодноста за намалување на уписнината за единицата.

Доколу на некоја студиска програма/година не се пријавил ниту еден кандидат, Комисијата може во ранг - листата на добитници да вклучи дополнителен кандидат од друга листа.

**Член 6**

Студентите *чие родителско право го врши само еден родител,* при запишувањето на зимскиот семестар во учебната 2025/26 година ќе ја платат само половината од износот на уписнината за семестарот. Остатокот ќе го уплатат по завршувањето на Интерниот оглас согласно член 4 од оваа Одлука.

Студентите кои ќе се здобијат со погодноста за намалување на уписнината, согласно член 5 од оваа Одлука, нема да ја доплатат школарината за запишување на зимскиот семестар за учебната 2025/26 година и ќе платат само половина од уписнината за летниот семестра за оваа учебна година.

**Член 7**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Универзитетскиот гласник.

**Ректор**

**Проф. д-р Биљана Ангелова**